Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за донесување на
Урбанистички план вон населено место „Горни Чаир-Логоварди“
за стопански комплекс – Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место „Горни Чаир-Логоварди“ за стопански комплекс – Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/1
04.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички план вон населено место „Горни Чаир-Логоварди“ за стопански комплекс – Општина Битола**

Член 1

Се донесува Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место „Горни Чаир-Логоварди“ за стопански комплекс – Општина Битола.

Член 2

Границите на Урбанистички план вон населено место „Горни Чаир-Логоварди“ за стопански комплекс – Општина Битола се кон исток КП 230/2 и 230/1 односно граница на постојниот ДУП за с. Логоварди, на југ е полскиот пат нумериран со КП 229, према запад пристапен пат за пунктот ЗИК-Коопераnti „Пелагонија“ Битола, на север е регионалниот пат П-509 Битола-Маково.

Опфатот на овој план има површина од околу 7,50 ха.

Член 3

Урбанистички план вон населено место „Горни Чаир-Логоварди“ за стопански комплекс – Општина Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Урбанистички план вон населено место „Горни Чаир-Логоварди“ за стопански комплекс – Општина Битола се заверува со потпис и печат од доносителот на планот.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/3
31.08.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
разрешување и именување членови во
Управниот одбор во ЈКП „Пазари“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор во ЈКП „Пазари“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/2
04.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/86, 06/02, 40/03 и 49/06) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување членови во
Управниот одбор во ЈКП „Пазари“ Битола

1. Од Управниот одбор во ЈКП „Пазари“ Битола се разрешуваат: Тони Велјановски и Радован Ѓорговски.

2. На нивно место се именуваат:
- Марија Груевска, дипл.економист, ул. „Прохор Пчински“ бр. 16 Битола и
- Гордана Ивановска, факултет за учители, ул. „Скоевска“ бр. 76 Битола..

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/4
31.08.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП „Пазари“ Битола
за усвојување на цените на услугите на ЈП „Пазари“ Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП „Пазари“ Битола за усвојување на цените на услугите на ЈП „Пазари“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/3
04.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 14 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 06/02, 40/03 и 49/06) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на
ЈП „Пазари“ Битола за усвојување на
цените на услугите на ЈП „Пазари“ Битола.

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола за усвојување на цените на услугите на ЈП „Пазари“ Битола, бр. 02-324/3 од 06.09.2006 год., донесена на седницата на Управниот одбор на Јавното претпријатие, одржана на 06.09.2006 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/5
31.08.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП „Пазари“ Битола
за дополнување на Одлуката за цените на услугите на ЈП „Пазари“ Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП „Пазари“ Битола за дополнување на Одлуката за цените на услугите на ЈП „Пазари“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/4
04.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 14 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 06/02, 40/03 и 49/06) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на
ЈП „Пазари“ Битола за дополнување на Одлуката за
цените на услугите во ЈП „Пазари“ Битола.

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола за дополнување на Одлуката за цените на услугите во ЈП „Пазари“ Битола, бр. 02-283/3 од 18.07.2007 год., донесена на седницата на Управниот одбор на Јавното претпријатие, одржана на 18.07.2007 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/6
31.08.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за
усвојување Информацијата за работата на
ЈУМ Центар за социјална работа Битола во врска со
семејното насилство

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за работата на ЈУМ Центар за социјална работа Битола во врска со семејното насилство, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/5
04.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување Информацијата за работата на
ЈУМ Центар за социјална работа Битола во врска со
семејното насилство

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за работата на ЈУМ Центар за социјална работа Битола во врска со семејното насилство.

2. Потребно е да се зголеми соработката со невладиниот сектор кој се занимава со оваа работа и да се отпочне со активностите предвидени во акциониот план за социјална заштита донесен на седницата на Советот на Општинта Битола.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/7
31.08.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за
усвојување Информацијата за малолетничкото претстапништво
во Општината Битола за 2006 година регистрирани во
Центарот за социјална работа Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за малолетничкото претстапништво во Општината Битола за 2006 година регистрирани во Центарот за социјална работа Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/6
04.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување Информацијата за малетничкото претстапништво во Општината Битола за 2006 година регистрирани во Центарот за социјална работа Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за малолетничкото претстапништво во Општината Битола за 2006 година регистрирани во Центарот за социјална работа Битола.

2. Родителите да ја зголемат својата родителска контрола врз нивните деца.

3. Да се засили контролата на педагошко-психолошките служби во училиштата.

4. Благовремено откривање на асоцијалното поведение кај малолетниците.

5. Изрекување на соодветна воспитна мерка према истите.

6. Вклучување на невладиниот сектор заедно со Комисијата за успешна ресоцијализација и превенција кај оваа појава на малолетници.

7. Отворање на центар (соватувалиште) за превенција и третман на малолетничката деликвенција на ниво на Општината каде ќе работаат стручни тимови составени од стручни кадри: психијатар, психолог и педагог.

8. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/8
31.08.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за
усвојување Информацијата за самохраните мајки

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за самохраните мајки, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.09.2007 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## за усвојување Информацијата за самохраните мајки

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за самохраните мајки.
2. Во наредниот пчериод да се изнајде можност Општинта да партиципира за децата на самохраните родители да бидат целосно или делумно ослободени од плаќање надоместок за престој во градинките.
3. За реализација на ова дополнително да се извршат консултации со Секторот за финансии и буџет и администрирање на приуходи за начинот на реализација.
4. Да се изготви програма за ослободување од партиципација за болничко лекување за децата на самохрани родители до 18 години.
5. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/9
31.08.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за
усвојување Информацијата за здравствено-воспитните
активности во Општината Битола во 2006 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за здравствено-воспитните активности во Општината Битола во 2006 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.09.2007 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување Информацијата за
здравствено-воспитните активности во
Општината Битола во 2006 година

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за здравствено-воспитните активности во Општината Битола во 2006 година.

2. Со Ребалансот на Буџетот за 2007 година, како и при планирањето на идниот буџет за 2008 година, редовно да се издвојуваат финансиски средства, како би можело сите прифатени препораки и предлог-мерки од страна на Заводот за здравствена заштита Битола непречено да се реализираат.

3. Воспоставување на делотворна и перманентна активна соработка на Заводот за здравствена заштита-Битола со советникот за образование при Општинската администрација за практична имплементација на сите програмски активности на ЗЗЗ-Битола кои се однесуваат на училишната популација во Општината Битола, со нагласок на редовно исполнување на класниот час во основните и средните училишта, како и организирање во училиштата во Битола на недела на здравиот начин на исхрана, недела на здравиот стил на живеење и други приоритетни здравствено-воспитни активности од страна на ЗЗЗ-Битола.

4. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/10
31.08.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за
усвојување Проценката на ризик од санитарно-хигиенската
состојба во училишната средина
во Општината Битола врз здравјето на учениците

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Проценката на ризик од санитарно-хигиенската состојва во училишната средина во Општината Битола врз здравјето на учениците, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/9
04.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## за усвојување Проценката на ризик од санитарно-хигиенската состојба во училишната средина во Општината Битола врз здравјето на учениците

1. СЕ УСВОЈУВА Проценката на ризик од санитарно-хигиенската состојба во училишната средина во Општината Битола врз здравјето на учениците.

2. Со Ребалансот на Буџетот за 2007 година, како и при планирањето на идниот буџет за 2008 година, редовно да се издвојуваат финансиски средства, како би можело сите прифатени препораки и предлог-мерки од страна на Заводот за здравствена заштита Битола непречено да се реализираат.

3. Потребна е итна набавка на 100 китови за рана детекција на дрога.

4. Исто така потребно е итно воведување на ноќна стражарска служба во основните и средните училишта во Општината Битола.

5. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/11<br>
31.08.2007 г.<br>
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
на Советот на Општината Битола<br>
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за
усвојување Проценката на нутритивниот статус
кај училишните деца од петто одделение во функција на
можни здравствени ризици

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Проценката на нутритивниот статус кај училишните деца од петто одделение во функција на можни здравствени ризици, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-2233/10<br>04.09.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување Проценката на нутритивниот статус
кај училишните деца од петто одделение во функција на
можни здравствени ризици

1. СЕ УСВОЈУВА Проценка на нутритивниот статус кај училишните деца од петто одделение во функција на можни здравствени ризици.

2. Со Ребалансот на Буџетот за 2007 година, како и при планирањето на идниот буџет за 2008 година, редовно да се издвојуваат финансиски средства, како би можело сите прифатени препораки и предлог-мерки од страна на Заводот за здравствена заштита Битола непречено да се реализираат.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/12
31.08.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за
усвојување Информацијата за состојбата во
општинскиот линиски превоз на патници во Општината
Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за состојбата во општинскиот линиски превоз на патници во Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/11
04.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување Информацијата за состојбата во општинскиот линиски превоз на патници во Општината Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за состојбата во општинскиот линиски превоз на патници во Општината Битола.

2. Се задолжува Општинскиот инспекторат-Сектор да достави извештај за реализација на препораките дадени во Информацијата до Комисијата за јавни и комунални дејности при Советот на Општината Битола, до крајот на годината.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/13<br>
31.08.2007 г.<br>
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
на Советот на Општината Битола<br>
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за
усвојување Информацијата за состојбата во
автотакси превозот на патници во Општината
Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за состојбата во автотакси превозот на патници во Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.08.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2233/12
04.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување Информацијата за состојбата во автотакси превозот на патници во Општината Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за состојбата во автотакси превозот на патници во Општината Битола.
2. Се задолжува Општинскиот инспекторат-Сектор да достави извештај за реализација на препораките дадени во Информацијата до Комисијата за јавни и комунални дејности при Советот на Општината Битола, до крајот на годината.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2124/14
31.08.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ „ 5/02), и член 98 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 113/05, 35/06, 70/06) - Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Основно училиште„ Стив Наумов„ Битола**

1. За Директор на ОУ „Стив Наумов„ Битола се избира **Биљана Тасевска** со завршена ВСС Педагошки факултет - Дипломиран учител и положен директорски испит.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението да се достави до сите пријавени кандидати на јавниот оглас.

4. Решението влегува во сила по неговата конечност и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во ОУ- Училишниот одбор ја разгледа пристигнатата документација и достави предлог до Градоначалникот - бр. 02-85/3 од 17.04.2007 г.
За Директор на основното училиште е предложен кандидатот Биљана Тасевска со завршена ВСС Педагошки факултет – Дипломиран учител и положен директорски испит.
Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 98 од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката за избор на Директор **која жалба се доставува преку Градоначалникот на**

**2.-**

**Општината** до **Второстепената комисија на Владата на РМ надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.**

**Бр. 08-3713/6-2006**
26.04.2007.
Битола

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
Владимир Талески

д до: ОУ „Стив Наумов„
избраниот Директор
Пријавените кандидати по јавниот оглас

КГ/КГ

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ „ 5/02), и член 98 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 113/05, 35/06, 70/06) - Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Основно училиште„ Тодор Ангелевски„ Битола**

1. За Директор на ОУ „Тодор Ангелевски„ Битола се избира **Нико Наумов** со завршена ВСС Факултет за музичка уметност – дипломиран музичар-теоретичар,педагог со положен испит за директор..

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението да се достави до сите пријавени кандидати на јавниот оглас.

4. Решението влегува во сила по неговата конечност и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште - Училишниот одбор ја разгледа пристигнатата документација и достави предлог до Градоначалникот - бр. 02-152/1 од 12.07.2007 г.
За Директор на основното училиште е предложен кандидатот Нико Наумов со завршен ВСС Факултет за музичка уметност – дипломиран музичар-теоретичар,педагог со положен испит за директор..

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 98 од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката за избор на Директор **која жалба се доставува преку Градоначалникот на**

**2.-**

**Општината** до **Второстепената комисија на Владата на РМ надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.**

**Бр. 08-744/6** **Градоначалник**
19.07.2007 **на Општина Битола**
Битола Владимир Талески

д до: ОУ „Тодор Ангелевски,,
избраниот Директор
Пријавените кандидати по јавниот оглас

КГ/КГ

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 член 93 и 93 б од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05,35/06, 30/07, 49/07), Градоначаликот на Општина Битола а по добиениот предлог од Училишниот одбор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ бр. 03-208/3 од 08.08.2007 г. донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директор на Општинското средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола.**

1. **Јане Натев**, Директор на Општинското средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола **СЕ РАЗРЕШУВА** од функцијата Директор на училиштето, сметано од 20.08. 2007 година.

2. Се задолжува разрешениот Директор со новоизбраниот в.д. Директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должности, а во согласност со позитивните прописи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Училишниот одбор на училиштето на ден 14.08.2007. до Градоначалникот на Општината Битола, достави писмен допис - предлог со кој се бара разрешување на Директорот на училиштето. Во прилог доставија Записници од училишниот одбор бр. 20,21,22 со прилози, (Одлука, Мислење).

Поради обезбедување на континуитет во училиште, а согласно член 93-в од Законот за средно образование, Градоначалникот ќе именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави на разрешениот директор, архивата на Општината Битола и до архивата на Општинското средното медицинско училиште
„Д-р Јован Калаузи„

**Правна поука:** *Разрешениот Директор, во рок од 15 дена од денот на приемот на Одлуката на Градоначалникот, има право на жалба во однос на спроведување на постапката за разрешување до Втоpостепената Комисија на Владата на РМ надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.*

**Бр.08- 2052/2**
**20.08.2007 год.**
**Б и т о л а**

**Општина Битола,**
**Градона;алник,**
**Владимир Талески**

КГ/КГ

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на В.Д. Директор на Општинското средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола**

1. За В.Д. Директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола **се именува** Јасмина Никик Десановска Дипломиран Фармацевт Професор по фармацевска хемија.
Функцијата В.Д. Директор ја презема од 20.08. 2007 година.

2. Се задолжува В.Д. Директор да изврши примопредавање на правата и должностите од разрешениот директор.

3. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

4. Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Општинското средно медицинско училиште, а по разрешувањето на Директорот на истото, согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ архивата на општинската администрација и по еден примерок на избраниот В.Д. Директор и разрешениот директор.

**Бр.08- 2052/3**
**20.08.2007 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА,**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Владимир Талески**

КГ/КГ

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 91 и член 93 г од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05,35/06, 30/07, 49/07), Градоначалникот на Општина Битола, а по добиеното Решение за извршување на предлог мерки од Државниот просветен инспекторат бр. 18-105/1 од 19.07. 2007 г и Заклучокот од Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало„ Битола бр. 02-470 од 22.08.2007 г донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ Битола.**

1. **Елизабета Наумовска** , Директор на Средното општинското училиште
„Таки Даскало„ Битола **СЕ РАЗРЕШУВА** од функцијата Директор на училиштето, сметано од 27.08. 2007 година.

2. Се задолжува разрешениот Директор со новоизбраниот в.д. Директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должности, а во согласност со позитивните прописи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Државниот просветен инспекторат при Министертсвото за образование и наука на РМ со допис бр. 18-6456/1 од 23.08.2007 г. достави до Градоначалникот на Општината Решение бр. 18-105/1 од 19.07.2007 г. и Заклучок од Училишниот одбор бр. 02-470 од 22.08.2007 г. со кој допис укажува на законската обврска на Градоначалникот за разрешување на Директорот на училиштето согласно член 93 г од Законот за средно образование.

Градоначалникот од увидот во доставената документација, а согласно став 4 од член 93 г од Законот за средно образование во кој се вели дека „Градоначалникот во рок од 30 дена од денот на добивањето на решението за извршување на предлог мерките е должен да го разреши директорот на училиштето ..„ - одлучи како во диспозитивот на решението.

Поради обезбедување на континуитет во училиште, а согласно член 93-в од Законот за средно образование, Градоначалникот ќе именува В.Д. Директор.

Примерок од решението да се достави на разрешениот директор, архивата на Општината Битола и до архивата на Средното општинското училиште „Таки Даскало„.

**Правна поука:** *Разрешениот Директор, во рок од 15 дена од денот на приемот на Одлуката на Градоначалникот, има право на жалба во однос на спроведување на постапката за разрешување до Второстепената Комисија на Владата на РМ надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.*

**Бр.08- 2174/2**
**27.08.2007 год.**
**Б и т о л а**

**Општина Битола,**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Владимир Талески**

КГ/КГ

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на В.Д. Директор на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола**

1. За В.Д. Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола **се именува** Анита Ангелевска ВСС Професор по македонски јазик во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 27.08. 2007 година.

2. Се задолжува В.Д. Директор да изврши примопредавање на правата и должностите од разрешениот директор.

3. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

4. Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола , а по разрешувањето на Директорот на истото, согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на СОУ „Таки Даскало„ архивата на општинската администрација и по еден примерок на избраниот В.Д. Директор и разрешениот директор.

**Бр.08- 2174/3**
**27.08.2007 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА,**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Владимир Талески**

КГ/КГ